**Известување за концентрација со која АЛФИ д.о.о. Словенија, ќе стекне контрола над СПОРТИНА Блед д.о.о. Словенија (предмет бр. 08-106/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.07.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **АЛФИ**, д.о.о (ALFI, upravljanje alternativnih investicijskih skladov, d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенијаа, има намера да стекне самостојна контрола над друштвото **СПОРТИНА, Блед, д.о.о.** (SPORTINA, zunanja in notranja trgovina na debelo in drobno, proizvodnja, zastopanje, posredovanje in organizacija, Bled, d.o.o), со регистрирано седиште на адреса Алпска Цеста 43, 4248 Лесе, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Алфи** е управител на алтернативни инвестициски фондови регистрирани во Агенцијата за пазар на хартии од вредност на Словенија. Алфи анализира (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициски фондови, додека самото управување со инвестиции е делумно пренесено на други друштва. Алфи управува со Алфи II инвестицискиот фонд кој е основан под називот АЛФИ, Специјален инвестициски фонд (ALFI, Specialni investicijski sklad), со регистарски број 7239327002.

Алфи Групата ги има следните регистрирани зависни друштва во Северна Македонија:

**ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на адреса ул. Христо Татарчев 121-Г Кисела Вода, Скопје, друштво активно со наплата на долгови по вонсудски пат.

**АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на адреса Булевар Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

Главната дејност на **Спортина**, за која е регистрирано во Словенија, е трговија на мало со облека во специјализирани продавници. Целното друштво се занимава со трговија на големо и мало со текстил и обувки кои варираат од високи до пристапни цени, а продажбата на обувки е помал дел од деловното работење. Спортина и нејзините поврзани лица се активни во Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија и Австрија.
Спортина нема регистрирано присуство во Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето релевантен пазар на кој се однесува концентрацијата е *пазар на продажба на големо на облека и обувки*.

Релевантниот географски пазар за предметната концентрација, може да се дефинира како национален, т.е. како ***територијата на Република Северна Македонија***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпаѓа под одредбите на Законот за*

*заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

05.08.2022 година
Скопје